24.10.2017г.

## ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Радио МОФ за текстот насловен „Ветуваа враќање на младите во државата: Бројот на иселени со најголем раст во 20 години, 20 илјади за само три месеци“, објавен на интернет порталот Курир.**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинари е прекршен во членот 1, 4, 13 и 14.

***Член 1***

*„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 4***

*„Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити“.*

***Член 13***

*„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

***Член 14***

*„Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти“*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 26 септември 2017 година, Радио МОФ поднесе жалба за текстот со наслов „Ветуваа враќање на младите во државата: Бројот на иселени со најголем раст во 20 години, 20 илјади за само три месеци", објавен на 17 септември 2017 година, во 11:48 часот на интернет порталот „Курир" (www.kurir.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето и недостиг на извор на информации.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Курир" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Од медиумот не одговорија на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината на текстот е **ОСНОВАНА**.

На седницата на 19.10.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот текст.

Комисијата најде дека интернет порталот „Курир" тенденциозно се обидува да им даде политичка заднина на проблемите на младите во земјава, објавувајќи произволни и непотврдени податоци за иселени граѓани без да се наведе потеклото на информацијата. Со тоа, медиумот ги прекршил членот 1 и членот 4 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојуваат насловот и воведниот дел од текстот:

***„Но, место враќање на младите, добивме 20.000 млади иселени за само три месеци, а според политиките, експертите не гледаат можност ова да се промени, туку гледаат шанса само за влошување на состојбите".***

Постулат на новинарската професија е да се побара став од сите засегнати страни, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Во исто време, изворот на информацијата, по правило треба да се идентификува освен кога тоа може да влијае на неговата безбедност или безбедноста на трета страна.

Во продолжение, Комисијата утврди дека авторот своите мислења ги прикрива како факти и со тоа го прекршил и членот 13 од Кодексот на новинарите, што особено е нагласено во реченицата:

***„СДСМ пред изборите им ветуваше брда и долини на младите и студентите, а веднаш откако дојде на власт заборави на се она што го излажа пред изборите и им го сврте грбот на младите“.***

Точно е дека новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулации со публиката.

Понатаму, Комисијата најде дека во текстот е прекршен и членот 14 од Кодексот на новинарите, во кој се издвојува следната реченица:

***„Премиерот Зоран и голем дел од неговите партиски колеги во предизборната кампања ветуваа големи работи за младите, од тоа младите не добија ништо, а реформите кои беа направени од Владата на ВМРО-ДПМНЕ, кои во секој поглед им го олеснија животот, има најави дека сега ќе бидат укинати“.***

Пропагандата за одредена политичка партија или опција е неспоива со новинарската професија. Партиската или идеолошката заднина на информацијата не смее да влијае на одлуката за нејзино објавување.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Беким Ајдини.

Се обврзува интернет порталот „Курир“ (www.kurur.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595